PRIMA AMBASCIATA
DI BAMBINI NEL MONDO
M E G A S C I - MACEDONIA
Primera embajada de los niños en el mundo,
Megjashi, Macedonia
FIRST CHILDREN´ S EMBASSY
IN THE WORLD
M E G J A S H I - MACEDONIA
our hard currency account at
Stopanska banka a.d.Skopje, MK
Acc. SWIFT STOB MK2X
ID 1066179

PREMIERE AMBASSADE DES ENFANTS
DANS LE MONDE - M E G J A S H I
MACEDONIA
ERSTE KINDERBOTSCHAFT
IN DER WELT - M E G J A S H I
MAZEDONIEN
ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА
ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ
МАКЕДОНИЈА
ж/с 200000010722372
ед. дан. бр. 4030995179890
депонент: Стопанска банка а.д. Скопје.
Матичен број 4377249

# П О Л И Т И К А   Н А   К В А Л И Т Е Т О Т

**Првата детска амбасада во светот Мeѓаши** е граѓанска организација која ги застапува и заштитува правата на децата, се залага за одговорно родителство, почит на детската личност. Го зајакнува граѓанското движење за правата на децата и функционалност од страна на институциите во најдобар интерес на детето.

Амбасадата го промовира мировниот активизам и волонтерство развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство. Истовремено ги негува различностите и се залага за еднакви можности за сите.

**Клучни вредности и принципи** во работењето на Детската амбасада Меѓаши се: Партиципација (учество, вклученост) на децата и возрасните во процесите на одлучување за прашања кои се од нивен интерес; Волонтерски пристап во заштитата на правата на децата; Промовирање и практикување на мир и толеранција преку почитување на ставовите и однесувањата на другите; Еднакви можности за сите во остварувањето и почитувањето на нивните права; Отчетност, одговорност и непартизираност во работењето на организацијата.

Главното **мото** на Детската амбасада Меѓаши е: Сите идеали на светот се побеззначајни од солзите на едно дете

Здружението **ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, како невладино, непартиско и непрофитабилно здружение ги има следниве цели:

- заштита на правата на децата
- градење и зачувување на мирот
- заштита на децата од воени судири и други конфликти
- заштита од злоупотреба на децата за политички, економски, воени и сексуални цели, како и заштита од сите форми на злоупотреба на детскиот труд
- заштита, помош и поддршка на деца и родители во кризни ситуации и во ризични ситуации, деца со инвалидитет, деца со низок социјален статус, деца на улица, улични деца, деца без родители и др.
- подршка и зајакнување на НВОи и институции од областа на правата на детето
- афирмирање и овозможување на креативна детска личност
- давање на бесплатна правна помош во областа на заштитата на децата и нивните права

**Своите цели ќе ги постигнеме со:**

- Високо ниво на квалитет во вршење на својата должност,
- Континуирано подобрување на своите активности, исполнувајќи ги сите меѓународни конвенции, домашни закони и препораки кои ја сочинуваат основата на нашата работа со децата,
- Усовршување, преку професионален развој на вработените и активистите на терен,
- Воспоставување на ефикасна комуникација со сите заинтересирани страни и релевантни организации,
- Грижа за заштита на правата на децата,
- Воспоставување и одржување на системот за менаџмент со квалитетот заснован на управување со процесите, согласно стандардот ИСО 9001:2008.

Сите членови на здружението се одговорни за доследно спроведување на оваа политика и реализација на истата.

Во Скопје, 21.04.2014.    Извршен директор и Основач

22 години за децата
http:// www.childrensembassy.org.mk
Тел:++ 389 2 2465 316, Факс:++ 389 2 2465 316, , С.О.С: ++ 0800 12222
e-mail: first@childrensembassy.org.mk; sos@childrensembassy.org.mk;
ул.Коста Новаковиќ 22 а,* 1000 Скопје, Република Македонија